Врз основа на член 20, 21 и 22 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (Службен Весник на РМ бр. 143/11, 78/13, 33/15 и 207/16) Друштвото за трговија и услуги БИС ОИЛ ДОО Скопје, го објавува следното

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Друштвото за трговија и услуги БИС ОИЛ ДОО Скопје, на ден 04.09.2017 год достави Барање за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на енергија од обновливи извори до Регулаторна комисија за енергетика на Р.Македонија заведено со број УП1 бр.12-100/17.

**Назив на Барателот:**
Друштвото за трговија и услуги БИС ОИЛ ДОО Скопје,
ул. 1721 31, Глумово

**Вид на енергетска дејност:**
Производство на електрична енергија

**Подрачје каде ќе се врши дејноста:**
Производството на електрична енергија ќе се врши од фотоволтаична централа на кровот на објектот на КП 920 и 921, КО Глумово, Општина Сарај, Скопје, Република Македонија.

**Опис на начинот, објектите и средствата за вршење на дејноста:**
Друштвото за трговија и услуги БИС ОИЛ ДОО Скопје ќе произведува електрична енергија од фотоволтаична централа на кров, лоциран на објект на КП920 и 921, КО Глумово, Општина Сарај, Скопје. Производството на електричната енергија преку инверторски систем ќе биде предадена на дистрибутивниот систем. Инсталираната моќност на фотоволтаичната централа ќе биде 36,00 kW.

**Времетраење на лиценцата:**
Барателот бара лиценцата да трае 35 години.

**Рок за доставување на предлози, мислења и сугестии со Барањето за издавање на лиценца:**
Заинтересираните правни и физички лица можат по писмен пат да достават до Регулаторна комисија за енергетика на РМ мислење и предлози во врска со Барањето во рок од 5 (пет) дена од денот на објавување на Известувањето за Барањето во дневниот печат.

**Адреса на Регулаторна комисија за енергетика на РМ**
**ул. Македонија бб, палата Лазар Поп Трајков, кат 6, 1000 Скопје, Р. Македонија**

**Друштвото за трговија и услуги**
**БИС ОИЛ ДОО Скопје**